БРАКО е македонска металопреработувачка компанија која е основана во 1947 година и која произведува огромен асортиман на производи. Денес БРАКО е извозно ориентирана компанија со преку 500 вработени, каде над 90% од производите се наменети за извоз и претставува претпознатлив бренд за производство на секаков вид жичани производи, тешки метални конструкции (куќишта за хидро турбини, модуларни контејнери итн.), широка палета на медицински мебел и медицински помагала како и претпознатливите возила за чистење улици и јавни површини чие производство, склопување и развој се врши во Република Македонија.

---

Брако ДОО Велес има потреба од работници на работната позиција

# ОПЕРАТОРИ НА КОМПЈУТЕРСКИ УПРАВУВАНА МАШИНА

## ШТО НУДИМЕ:

- Можност за обука за кандидатите без работно искуство кои ги поседуваат бараните квалификации
- Можност за работа во современа работна средина,
- Можност за работа во докажана компанија со преку 500 вработени,
- Можност за постојано надградување во кариерата преку учество на секаков вид на саеми, семинари и обуки во земјата и странство
- Можност за соработка со докажани интернационални партнери
- Обезбедена кетеринг исхрана на трошок на компанијата

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ:

- Прием и налог на технички цртеж за работа
- Поставување на суровината на машина
- Подесување на параметри на машина
- Надгледување на работата на машината

## ПОТРЕБНО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОСОБНОСТИ:

- Најмалку средно стручно образование (машинска струка ќе се смета за предност)
- Задолжително познавање со работа на шублер или микрометар
- Основно познавање на англиски јазик
- Способност за извршување на сменска работа
- Читање на технички цртеж ќе се смета за предност
- Работно искуство во производство, работа на CNC машини ќе се смета за предност

## ВЕШТИНИ

- Подготвеност за работа во динамична средина
- Ефективност, ефикасност и одговорност при исполнувањето на обврските
- Посветеност, мотивираност, иницијативност
- Тимска работа и кооперативност

**Основната нето платата за работното место е до 32.000,00 денари и истата зависи од исполнетите квалификации и работното искуство на кандидатите.**

**Доколку сте заинтересирани за кариера во нашата компанија и сте согласни вашите податоци да бидат зачувани во нашата архива за работните позиции кои ќе бидат отворени во иднина, испратете ја вашата работна биографија на следниот мејл: hr@brako.com.mk.**

**Само кандидатите кои ќе влезат во потесна селекција ќе бидат контактирани.**

**Прашања и повеќе информации на тел. 075 293 691.**